20251473284

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ КОИШТО ГИ ДАВА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) за услугите што ги врши во своето работење наплатува надоместоци според единствената тарифа утврдена со оваа одлука (во понатамошниот текст: тарифата).

2. Народната банка ги наплатува надоместоците за услугите од точка 1 на оваа одлука по одделни видови услуга според следнава тарифа:

## I. ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ

### I–A УСЛУГИ ВО МИПС

| Тарифен број | Вид услуга | Висина на надоместокот |
|---|---|---|
| | **1. Учество во Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС) – даватели на платежни услуги**[1] | |
| 1.1 | Надоместок за сметка за порамнување | |
| | *Опис на услугата*: одржување на сметката, вклучувајќи техничка инфраструктура за водење, одржување и користење сметка за порамнување и пристап до платниот систем, при што износот на месечниот надоместок зависи од бројот на налози за пренос[2] | **Фиксен месечен надоместок за одржување сметка** |

[1] Во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи, со исклучок на Трезорот и Трезорот на Фондот.

[2] „Налог за пренос“ претставува платежна инструкција поднесена од учесник во МИПС или друг овластен учесник којшто дејствува во негово име, со која се наложува пренос на средства од една сметка за порамнување на друга сметка, преку директно порамнување во рамките на системот. Овој тип налог не ги опфаќа трансакциите од платните системи и депозитарите на хартии од вредност коишто вршат порамнување преку МИПС, преносот на средства за управување со ликвидноста на учесниците во системот и инстант плаќањата.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Број на налози за пренос[3] (месечно)<br><br>До 1.000<br>Од 1.001 до 5.000<br>Над 5.000 | 20.000 денари<br>100.000 денари<br>250.000 денари |
| 1.2 | **Надоместок за дополнителна сметка** | |
| | *Опис на услугата*: одржување на секоја дополнителна сметка во платниот систем, освен за основната сметка за порамнување, вклучително техничка инфраструктура за водење, користење сметка за порамнување и пристап до платниот систем. Надоместокот се наплатува независно од бројот и вредноста на налозите за пренос | **Фиксен месечен надоместок за одржување сметка** |
| | Единица за пресметка<br>За секоја дополнителна сметка | 5.000 денари |
| 1.3 | **Надоместок по налог за пренос**<br>**Број на налози за пренос[4]** | **Надоместок по налог за пренос[5]** |
| | Од 1 до 1.000 до 14:00 часот (вклучително) | 15 денари |
| | Од 1.001 до 5.000 до 14:00 часот (вклучително) | 10 денари |
| | Над 5.000 до 14:00 часот (вклучително) | 5 денари |
| | Сите налози за пренос (независно од бројот) по 14:00 часот | 30 денари |
| | Сите налози за пренос кон платниот систем Т2 на Евросистемот (независно од бројот) | 180 денари |
| 1.4 | **Надоместок за пренос на парични средства помеѓу учесници** | **Надоместок по налог за пренос** |
| | *Опис на услугата*: пренос на парични средства помеѓу сметки за порамнување во МИПС коишто служат исклучиво за управување со ликвидноста и не преставуваат плаќање иницирано од корисник на платежни услуги.<br><br>Единица за пресметка | |

3 Опсегот на бројот на налози за пренос служи исклучиво за утврдување на групата во која се класифицира учесникот за соодветниот месец. Притоа, се зема предвид вкупниот број извршени налози за пренос од сите сметки за порамнување на учесникот во текот на месецот, без оглед на валутата и се применува фиксен месечен надоместок соодветен на групата во која припаѓа учесникот.

4 Надоместокот се пресметува на кумулативна основа според утврдените опсези на бројот на налози за пренос во месецот, при што вкупниот број налози од сите сметки за порамнување на учесникот се распределува по опсези. За секој дел од опсегот се применува соодветниот надоместок, а конечниот износ се добива со собирање на надоместоците за сите опсези.

5 Надоместокот по налог за пренос се зголемува за 12 денари доколку учесникот е приклучен на МИПС преку СВИФТ.

| | |
|---|---|
| Налог за пренос на парични средства заради управување со ликвидноста | 50 денари |

2. **Учество во МИПС – Трезорот и Трезорот на Фондот коишто како даватели на платежни услуги коишто водат сметки и/или извршуваат плаќања во име на други буџетски корисници**

2.1 **Надоместок за сметка за порамнување**

*Опис на услугата*: одржување на сметката, вклучувајќи техничка инфраструктура за водење, одржување и користење сметка за порамнување и пристап до платниот систем, при што износот на месечниот надоместок не зависи од бројот на налози за пренос

| | |
|---|---|
| Единица за пресметка<br>За основната сметка, месечно | 20.000 денари |

2.2 **Надоместок по налог за пренос**

*Опис на услугата*: обработка и извршување налози за пренос преку сметките за порамнување во МИПС

Единица за пресметка

| | |
|---|---|
| Налог за пренос до 14:00 часот (вклучително) | 1 денар |
| Налог за пренос по 14:00 часот | 4 денари |

**3. Поврзани платни системи коишто вршат порамнување преку МИПС**

3.1 **Надоместок за учество во МИПС, инфраструктурни услуги и техничка поддршка**

*Опис на услугата*: одржување на сметката, техничка инфраструктура и пристап до платниот систем, без оглед на бројот и вредноста на налозите за пренос

| | |
|---|---|
| Единица за пресметка<br>Сметка, месечно | 250.000 денари |

3.2 **Надоместок за порамнување преку МИПС**

*Опис на услугата*: овозможување користење на МИПС за порамнување меѓу учесниците.

Надоместокот се определува врз основа на просечната дневна вредност на трансакциите обработени во конкретниот платен систем и порамнети преку МИПС во претходната календарска година. Просечната дневна вредност се добива како соодност помеѓу вкупната годишна вредност на обработените трансакции и вкупниот број работни денови во платниот систем кој врши порамнување во таа година. Врз основа на добиената просечна дневна вредност, платниот систем се распределува во соодветен опсег за дневна вредност на порамнети платежни трансакции, а надоместокот се наплатува секој месец во тековната година.

| | **Фиксен месечен надоместок** |
|---|---|
| Дневна вредност на обработени трансакции кај конкретниот платен систем и порамнети[6] преку МИПС (во денари) | 250.000 денари |
| До 1 милијарда | 500.000 денари |
| Над 1 милијарда до 2 милијарди | 1.000.000 денари |
| Над 2 милијарди до 3 милијарди | 1.500.000 денари |
| Над 3 милијарди до 4 милијарди | 2.000.000 денари |
| Над 4 милијарди до 5 милијарди | 2.500.000 денари |
| Над 5 милијарди | |

3.3

**Надоместок за пренос на парични средства од и кон учесници во платен систем што врши порамнување**

*Опис на услугата*: пренос на парични средства помеѓу сметки за порамнување во МИПС за целите на порамнувањето коешто го врши платниот систем преку МИПС.

[6] Кај инстант платните системи, оваа вредност ја претставува вкупната вредност на извршените инстант трансакции во таа година, поделена со бројот на работни денови во конкретниот платен систем.

Единица за пресметка

Налог за пренос на парични средства, независно дали е иницииран од операторот на платниот систем или од учесниците во платниот систем — **50 денари**

**4. Депозитари за хартии од вредност коишто вршат порамнување преку МИПС**

4.1 **Надоместок за учество во МИПС, инфраструктурни услуги и техничка поддршка** — **Фиксен месечен надоместок за одржување сметка**

*Опис на услугата*: одржување на сметката, техничка инфраструктура и пристап до платниот систем, без оглед на бројот и вредноста на налозите за пренос

Единица за пресметка — 20.000 денари
За основна сметка, месечно

4.2 **Надоместок за пренос на парични средства** — **Надоместок по единица**

*Опис на услугата*: пренос на парични средства помеѓу сметки за порамнување во МИПС за целите на порамнувањето коешто го врши депозитарот преку МИПС.

Единица за пресметка
Налог за пренос на парични средства иницииран од депозитарот на хартии од вредност — 50 денари

**5. Други услуги во МИПС**

5.1 **Надоместок за неизвршено тестирање на резервната врска со главната локација**

*Опис на услугата*: Надоместок се наплатува при неисполнување на обврската за навремено тестирање на резервната комуникациска врска со МИПС (главната локација), согласно дефинираниот начин на пренос на налози број 2. Надоместокот се пресметува за секој започнат ден по истекот на дефинираниот рок за проверка на функционалноста на врската.

Единица за пресметка
Започнат ден по истекот на рокот за проверка — 2.000 денари

5.2 **Надоместок за приклучување по предвиденото време за започнување на работата на МИПС**

*Опис на услугата*: Надоместок се наплатува кога учесникот не се приклучил во предвидено време за започнување на работата на МИПС, согласно работниот распоред. Надоместокот се пресметува по минута на доцнење, почнувајќи од моментот кога системот станал достапен за приклучување.

Времетраење на доцнењето, единица мерка

- до 60 минути/минута — 300 денари
- над 60 минути/минута — 600 денари

5.3 **Надоместок за продолжување на работното време на МИПС на барање на учесник во тој систем**

*Опис на услугата*: Надоместок се наплатува кога на барање на учесник се продолжува работното време на МИПС по завршувањето на регуларното работно време. Надоместокот се пресметува по минута, според времетраењето на продолжувањето. Исклучок е последниот работен ден во годината, кога не се наплатува надоместок за продолжување над 60 минути.

Времетраење на продолжувањето, единица мерка

- до 60 минути/минута — 600 денари
- над 60 минути/минута — 1.200 денари

5.4 **Надоместок за внесување налози за пренос од пренослив траен медуим доставен од учесникот**

*Опис на услугата*: Надоместок се наплатува за рачно внесување налози за пренос преку МИПС, врз основа на податоци доставени од учесникот на пренослив траен медиум (на пр. УСБ, ЦД и слично), во случаи кога учесникот нема техничка можност или привремено не е поврзан со системот.

**Надоместок по единица**

Единица мерка

Внесување пакет-налози за пренос — 1.000 денари

| | | |
|---|---|---|
| 5.5 | **Надоместок за обработка на хартиениот налог за пренос** | |
| | *Опис на услугата*: Надоместок се наплатува за рачна обработка на хартиен налог за пренос доставен од учесникот, со исклучок на налози со кои се задолжува сметката за задолжителна резерва на штедилниците. Обработката вклучува верификација, внесување и извршување на налогот. | **Надоместок по единица** |
| | Единица мерка<br>Налог за пренос | 1.000 денари |
| 5.6 | **Надоместок за издавање извод на хартија** | **Надоместок по единица** |
| | *Опис на услугата*: Надоместок за издавање дневен и периодичен извод или извод на барање за движењето на сметката за порамнување, доставен во печатена форма (хартија). | |
| | Единица мерка<br>Извод на хартија | 1.000 денари |
| 5.7 | **Надоместок за издавање потврда за состојба на сметка** | **Надоместок по единица** |
| | *Опис на услугата*: Надоместок за издавање потврда за состојбата на сметката за порамнување за одреден ден или период, на барање на учесникот. | |
| | Единица мерка<br>Поединечен ден | 20 денари, минимум 200 денари |
| | 6. **Присилна наплата** | |
| 6.1 | Обработка на налогот за присилна наплата | 100 денари за секој износ за кој се пресметува камата (минимум за една |

| | | |
|---|---|---|
| | | спецификација за налози за присилна наплата е 1.500 денари) и се наплатуваат од сметката од којашто се врши задолжувањето |
| 6.2 | Извршување платни налози за присилна наплата преку МИПС | 100 денари за еден налог, се наплатуваат од сметката од којашто се врши задолжувањето |
| 6.3 | Известување за пресметката на камата врз основа на налог за присилна наплата | 500 денари за еден износ |

Како време на прием на налозите за пренос во МИПС се смета кога МИПС го потврдил приемот на налогот за пренос со потврда или кога СВИФТ го доставил налогот за пренос во МИПС. Доколку налогот за пренос застане во редот на чекање, тогаш се зема времето кога е извршено порамнувањето. Како единствено валидно време се смета времето на МИПС. Сите други времиња на локалните компјутери на учесниците не се релевантни за пресметка. Периодите на прием ги вклучуваат и завршните времиња.

Наплатата се врши на почетокот на секој месец за претходниот месец.

Надоместоците од оваа глава се наплатуваат врз основа на издадена фактура или известување во рок од петнаесет дена од денот на издавањето на фактурата, односно известувањето.

## I-Б УСЛУГИ ЗА ДРЖАВАТА И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ

| Тарифен Број | Вид услуга | Висина на надоместокот |
|---|---|---|
| | **7. Кредитни трансфери во странска валута (платежни трансакции со странство)** | |
| | **Кредитни трансфери во Единствената област за плаќања во евра (во натамошниот текст: СЕПА)** | |
| 7.1 | Одливен кредитен трансфер иницирран со платен налог во хартиена форма | 300 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 7.2 | Одливен кредитен трансфер инициран со платен налог преку електронско банкарство | 180 денари |
| 7.3 | Приливен кредитен трансфер | 180 денари |
| | **Кредитни трансфери преку кореспондентно банкарство** | |
| 7.4 | Одливен кредитен трансфер инициран со платен налог во хартиена форма | за износ до ЕУР 500.000: 0,15%, минимум 250 денари, максимум 10.000 денари; за износ над ЕУР 500.000: 0,08%, максимум 30.000 денари |
| 7.5 | Одливен кредитен трансфер инициран со платен налог преку електронско банкарство | за износ до ЕУР 500.000: 0,07%, минимум 250 денари, максимум 10.000 денари; за износ над ЕУР 500.000: 0,05%, максимум 30.000 денари |
| 7.6 | Одливен кредитен трансфер (одлив) со опција OUR (надоместок за извршување на налогот на товар на плаќачот). Надоместокот од оваа потточка се наплатува како дополнителен надоместок на потточките 7.4 или 7.5. | 900 денари |
| 7.7 | СВИФТ-трошоци за одливен кредитен трансфер | 500 денари |
| 7.8 | Измена на претходно извршен одливен кредитен трансфер | 1.500 денари + надоместокот на странската банка |
| 7.9 | Сторнирање извршен одливен кредитен трансфер | 500 денари |
| 7.10 | Условен одливен кредитен трансфер | 0,2%, минимум 250 денари, максимум 30.000 денари |
| 7.11 | Приливен кредитен трансфер со опција BEN/SHA (трошоци на товар на примачот во земјата) | за износ до ЕУР 100: без надоместок; |

| | | |
|---|---|---|
| | | за износ над ЕУР 100:<br>600 денари |
| 7.12 | Приливен кредитен трансфер со опција OUR (трошоци на товар на плаќачот во странство, односно на давателот на платежните услуги на плаќачот во странство) | за износ до ЕУР 100:<br>ЕУР 10;<br>за износ над ЕУР 100:<br>ЕУР 20 |
| 7.13 | Приливен кредитен трансфер со опција BEN/SHA (трошоци на товар на примачот во земјата, кога давателот на платежните услуги во земјата примил наплата врз основа на кредитен трансфер во корист на примачот со платежна сметка во Народната банка) | за износ до ЕУР 100:<br>без надоместок;<br>за износ над ЕУР 100:<br>600 денари<br><br>+ надоместокот на давателот на платежните услуги во земјата |
| 7.14 | Приливен кредитен трансфер со опција OUR (трошоци на товар на плаќачот во странство, односно на давателот на платежните услуги во земјата, кога давателот на платежните услуги во земјата примил наплата преку кредитен трансфер во корист на примачот со платежна сметка во Народната банка) | за износ до ЕУР 100:<br>ЕУР 10;<br>за износ над ЕУР 100:<br>ЕУР 20 |
| 7.15 | Приливен кредитен трансфер со опција OUR (трошоци на товар на плаќачот во странство, односно на давателот на платежните услуги во земјата, кога Народната банка примила наплата врз основа на кредитен трансфер во корист на примачот со платежна сметка кај давателот на платежните услуги во земјата) | за износ до ЕУР 100:<br>ЕУР 10;<br>за износ над ЕУР 100:<br>ЕУР 20 |
| 7.16 | Приливен кредитен трансфер со опција BEN/SHA (трошоци на товар на примачот во земјата, односно на давателот на платежните услуги во земјата, кога Народната банка примила наплата врз основа на кредитен трансфер во корист на примачот со платежна сметка кај давателот на платежните услуги во земјата) | надоместокот на давателот на платежните услуги во странство |

**8. Готовина во странска валута**

| | | |
|---|---|---|
| 8.1 | Продавање готовина во странска валута на овластените деловни банки на иницијатива на Народната банка | без надоместок со трансфер на девизи на платежните сметки во странство |

| | | |
|---|---|---|
| 8.2 | Купување готовина во странска валута од овластените деловни банки на иницијатива на Народната банка | без надоместок со трансфер на девизи на платежните сметки во странство |
| 8.3 | Продавање готовина во странска валута на органите на државната власт и органите на државната управа | 2,0%, минимум 1.000 денари, максимум од 5.000 денари |
| 8.4 | Купување готовина во странска валута од органите на државната власт и органите на државната управа | 1,0%, минимум 1.000 денари |
| 8.5 | Купување дефинитивно одземена готовина во странска валута | 3%, минимум 1.000 денари, максимум од 5.000 денари |
| | **9. Документи на инкасо** | |
| 9.1 | Ностро и лоро-инкасо | 0,5%, минимум 1.000 денари, максимум 100.000 денари |
| 9.2 | Ностро и лоро-инкасо (надоместокот е на товар на странската банка) | 0,5%, минимум ЕУР 20, максимум ЕУР 2.000 |
| 9.3 | Испраќање документи во странство без плаќање и примање документи од странство без обврска за Народната банка | 5.000 денари |
| 9.4 | Измена на инструкциите за ностро-инкасо и известување за измена на инструкциите за лоро-инкасо | 1.200 денари |
| 9.5 | Испраќање чек / меница во странска валута на наплата | 0,3%, минимум 1.000 денари, максимум 10.000 денари од вкупниот износ на чекови /меници од една банка издавачка |
| 9.6 | Проверка на чек во странска валута | 2.000 денари за пратка од една банка издавачка |
| | **10. Девизни гаранции** | |
| 10.1 | Издавање ностро девизна гаранција со покритие во форма на депозит на сметка кај Народната банка | 1%, минимум 10.000 денари, максимум 300.000 денари (се наплатува тримесечно) |
| 10.2 | Издавање ностро девизна гаранција со покритие во форма на депозит на сметка кај Народната банка (надоместокот е на товар на странската банка) | 1%, минимум ЕУР 170, максимум ЕУР 5.000 (се наплатува тримесечно) |

| | | |
|---|---|---|
| 10.3 | Измена на условите на издадената ностро девизна гаранција | 5.000 денари |
| 10.4 | Известување за лоро девизната гаранција без обврски на Народната банка | 0,1%, минимум 5.000 денари, максимум 10.000 денари |
| 10.5 | Известување за лоро девизната гаранција без обврски на Народната банка (надоместокот е на товар на странската банка) | 0,1%, минимум ЕУР 85, максимум ЕУР 170 |
| 10.6 | Проверка на автентичноста на лоро девизната гаранција издадена во оригинал | 0,1%, минимум 5.000 денари, максимум 10.000 денари |
| 10.7 | Известување за измената на условите на лоро девизната гаранција | 5.000 денари |
| 10.8 | Известување за измената на условите на лоро девизната гаранција (надоместокот е на товар на странската банка) | ЕУР 85 |
| 10.9 | Ослободување од обврските врз основа на лоро девизната гаранција | 1.000 денари |
| 10.10 | Проследување на лоро девизната гаранција до друга банка | 2.000 денари |
| 10.11 | Проверка на документацијата и активирање на лоро девизната гаранција | 10.000 денари |
| 10.12 | Активирање на лоро девизната гаранција (надоместокот е на товар на странската банка) | ЕУР 170 |
| 10.13 | Изработка на предлог-текст на лоро девизната гаранција | 10.000 денари |
| 10.14 | Давање мислење за предложениот текст на лоро девизната гаранција | 5.000 денари |
| | **11. Девизни акредитиви** | |
| 11.1 | Отворање ностро девизен акредитив со покритие во форма на депозит на сметка кај Народната банка | 0,3%, за износ до ЕУР 500.000: минимум 5.000 денари, максимум 100.000 денари;<br>за износ над ЕУР 500.000: максимум 300.000 денари;<br>(се наплатува тримесечно пред |

| | | |
|---|---|---|
| | | почетокот на секое тримесечје) |
| 11.2 | Отворање ностро девизен акредитив со покритие во форма на депозит кај странската банка | 0,5% за износ до ЕУР 500.000: минимум 5.000 денари, максимум 100.000 денари;<br>0,4% за износ над ЕУР 500.000: максимум 300.000 денари; (се наплатува тримесечно пред почетокот на секое тримесечје) |
| 11.3 | Отворање ностро девизен акредитив со покритие во форма на депозит (надоместок на товар на странската банка) | 0,5%, минимум ЕУР 85 (се наплатува тримесечно пред почеток на секое тримесечје) |
| 11.4 | Преземање и проверка на документите | 5.000 денари за поединечна пратка документи |
| 11.5 | Потврда на ностро девизниот акредитив | 5.000 денари |
| 11.6 | Измена на условите на ностро девизниот акредитив (вклучувајќи пренос и сторнирање) | 5.000 денари за измена |
| 11.7 | Презентирање на документите со отстапувања | ЕУР 85 за пратка на документи |
| 11.8 | Известување за лоро девизниот акредитив без обврска на Народната банка | 0,1%, минимум 5.000 денари, максимум 10.000 денари |
| 11.9 | Известување за лоро девизниот акредитив без обврска на Народната банка (надоместок на товар на странската банка) | 0,1%, минимум ЕУР 85, максимум ЕУР 170 |
| 11.10 | Известување за измената на условите на лоро девизниот акредитив | 5.000 денари |
| 11.11 | Известување за измената на условите на лоро девизниот акредитив (надоместок на товар на странската банка) | ЕУР 85 |
| 11.12 | Пренос на лоро девизниот акредитив | 5.000 денари за извршен пренос |
| 11.13 | Преземање и проследување на документите врз основа на лоро девизен акредитив | 5.000 денари за пратка на документи |

| | | |
|---|---|---|
| 11.14 | Сторнирање на девизниот акредитив / неискористен девизен акредитив<br><br>На ностро и лоро девизниот акредитив, плаќачот е должен да ги плати сите надоместоци и трошоци со кои давателот на платежните услуги во странство ја товари Народната банка. | 5.000 денари |
| | **12. Кредитни трансфери во денари (платежни трансакции со странство)** | |
| 12.1 | Збирен одливен кредитен трансфер во корист на повеќе примачи нерезиденти иницииран со платен налог во хартиена форма | за износ до 100.000 денари: 500 денари,<br>за износ над 100.000 денари: 1.500 денари |
| 12.2 | Збирен одливен кредитен трансфер во корист на повеќе примачи нерезиденти иницииран со платен налог преку електронско банкарство | за износ до 100.000 денари: 300 денари,<br>за износ над 100.000 денари: 900 денари |
| | **13. Девизни платежни сметки на резиденти и нерезиденти** | |
| 13.1 | Отворање и водење девизна платежна сметка на нерезидент | 7.000 денари месечно |
| 13.2 | Отворање девизна платежна сметка на резидент | без надоместок |
| 13.3 | Одржување девизна платежна сметка на резидент | 300 денари месечно |

Основица за пресметување на надоместоците за платежни услуги за државата и државните органи претставува денарската противвредност пресметана со примена на продажниот курс којшто Народната банка го користи при вршењето на платежните услуги за државата и државните органи којшто важи на денот на склучувањето на трансакцијата. Надоместокот се наплатува во денари при склучувањето на трансакцијата. Поимот „склучување трансакција“ значи преземање на документацијата поврзана со платежните услуги од страна на Народната банка.

Доколку денарската противвредност на дефинитивно одземената готовина во странска валута пресметана со примена на продажниот курс на датумот на склучување на трансакцијата е помала од 3.000 денари, Народната банка не наплаќа надоместок за дефинитивно одземената готовина во странска валута.

Кај девизните гаранции и акредитиви, надоместокот за првото тримесечје се наплатува однапред, а надоместокот за секое наредно тримесечје во рок од петнаесет дена од датумот на писменото известување за надоместокот. Секое започнато тримесечје се смета како цело. Во случаите кога акредитивот нема да се искористи целосно или делумно, односно девизната гаранција се ослободи пред истекот на рокот на важност, пресметаниот надоместок за соодветното започнато тримесечје не се враќа.

Доколку давателот на платежните услуги во странство за кредитните трансфери со опција OUR од тарифниот број 7.12 ѝ плаќа надоместок на Народната банка во висина на максималниот износ на надоместок во согласност со сопствената тарифа, Народната банка ќе применува принцип на реципроцитет кон давателот на платежните услуги во странство, односно ќе плаќа максимални износи на надоместоци за кредитните трансфери со опција OUR со примена на предвидената тарифа на давателот на платежните услуги во странство.

Доколку побарувањето за плаќање надоместок врз основа на ностро-дознаки на давателот на платежните услуги во странство е над 3 (три) месеци од датумот на трансакцијата врз основа на која се бара плаќањето надоместок, побарувањето ќе се смета за застарено и ќе се плати само доколку постои билатерален договор помеѓу Народната банка и давателот на платежните услуги во странство во кој е регулирано ова прашање.

Надоместокот од тарифниот број 13.3 ќе се наплатува годишно, по истекот на годината, врз основа на издадена фактура или известување, во рок од 30 дена од денот на издавањето на фактурата, односно на известувањето.

## II. ТРЕЗОРСКИ УСЛУГИ

| **Тарифен број** | **Вид услуга** | **Висина на надоместокот** |
|---|---|---|
| | **14. Чување во депо** | |
| 14.1 | Затворено (запечатено) депо со ознака на вредноста | без надоместок |
| 14.2 | Затворено (запечатено) депо без ознака на вредноста | без надоместок |
| 14.3 | Запечатено депо со резервни клучеви (само од банки) | 8.000 денари за депо годишно (се наплатува однапред на годишна основа) |
| 14.4 | Чување скапоцени предмети и ефективни странски пари во депо врз основа на судски налог | без надоместок |

| | | |
|---|---|---|
| 14.5 | Чување скапоцени предмети и ефективни странски пари во депо за кои нема судски налог | 5.000 денари месечно |
| | **15. Дистрибуција и замена на готовина** | |
| 15.1 | Издавање книжни пари на банки и на центрите за готовина | 0,3% од номиналната вредност на издадената готовина. |
| 15.2 | Враќање книжни пари од банките и центрите за готовина | 0,1% од номиналната вредност на вратената готовина |
| 15.3 | Издавање ковани пари на банки и на центрите за готовина | 0,9% од номиналната вредност на издадената готовина |
| 15.4 | Замена на оштетени банкноти – денари | без надоместок |
| 15.5 | Замена на оштетени ковани пари | без надоместок |
| 15.6 | Продажба на книжни пари за нумизматички потреби на домашни и странски лица | 10% од номиналната вредност на продадените пари |
| 15.7 | Продажба на ковани пари за нумизматички потреби на домашни и странски лица | 1 денар по парче |
| 15.8 | Продажба на комплети со ковани пари | 202 денари за еден комплет |
| 15.9 | Замена на банкноти оштетени при обид за кражба и активирање средства против кражба со документ од МВР | без надоместок |
| 15.10 | Замена на банкноти оштетени при обид за кражба и активирање средства против кражба без документ на МВР | 3 денари за единица банкнота којашто е доставена за замена |
| 15.11 | Проверка на работењето на машината за обработка на книжните и кованите пари, | 5.000 денари за проверка на |

| | | |
|---|---|---|
| | освен во случај проверката да се врши заради пуштање во оптек на ново издание на книжни или ковани пари | машината во Народната банка, односно 10.000 денари за проверка на машината на локацијата каде што е сместена |
| 15.12 | Обука на вработените во банките и центрите за готовина коишто ќе вршат обработка на готовина | 1.000 денари за вработен |

## III. ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛИ, СОГЛАСНОСТИ, ОДОБРЕНИЈА И ПОДАТОЦИ

| Тарифен број | Вид услуга | Висина на надоместокот |
|---|---|---|
| | **16. Услуги со банки, штедилници, трговски друштва и физички лица** | |
| 16.1 | Разгледување барање за издавање дозвола за основање банка, филијала на странска банка | 600.000 денари |
| 16.2 | Разгледување барање за издавање дозвола за статусни промени на банки и за преобразба на штедилница во банка | 200.000 денари |
| 16.3 | Разгледување барање за издавање претходна согласност за отворање претставништво на странска банка | 150.000 денари |
| 16.4 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за стекнување акции / удели чиј вкупен збирен номинален износ е или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број акции или од вкупниот број издадени акции со право на глас / удели, во банка / штедилница | 300.000 денари |
| 16.5 | Разгледување барање за добивање согласност за стекнување акции / удели чиј вкупен збирен номинален износ е или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75% од вкупниот број акции или од вкупниот број издадени акции со право на глас / удели, во банка / штедилница врз основа на одлука на надлежен орган во согласност со закон | 300.000 денари |
| 16.6 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за:<br>- измени и/или дополнување статут / договор / изјава на банка / штедилница; | 90.000 денари |

- именување член на надзорен одбор на банка / штедилница;
- основање подружница, филијала или претставништво на банка во странство или стекнување капитални делови во банка;
- основање или стекнување капитални делови коишто изнесуваат над 10% од сопствените средства на банката, директно или индиректно, во небанкарска финансиска институција или во нефинансиска институција;
- престанување со работење на банката / штедилницата кога акционерите / содружниците ќе донесат одлука за престанување со работа на банката / штедилницата, а не постојат услови за стечај;
- преобразба на штедилница во финансиско друштво.

| | | |
|---|---|---|
| 16.7 | Именување член на управен одбор / управител на банка / штедилница | 100.000 денари |
| 16.8 | Разгледување барање за добивање претходна согласност од банка за почнување со вршење на активностите:<br>- издавање електронски пари доколку е уредено со посебен закон;<br>- платежни услуги во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>- тргување со девизни средства што вклучува и тргување со благородни метали;<br>- тргување со хартии од вредност;<br>- тргување со финансиски деривати;<br>- управување со средства и портфолио на хартии од вредност на налог и за сметка на клиенти;<br>- давање услуги на банка чувар на имот;<br>- купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;<br>- други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка. | 100.000 денари |
| 16.9 | Разгледување барање за добивање дозвола за вршење менувачки работи | 30.000 денари |
| 16.10 | Разгледување барање за измена на дозволата за вршење менувачки работи за ново менувачко место | 20.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 16.11 | Разгледување барање за измена на дозволата за вршење менувачки работи при промена на адресата на менувачкото место освен при промена на името и/или бројот на улицата врз основа на одлука на надлежен орган | 10.000 денари |
| 16.12 | Разгледување барање за добивање дозвола и согласност за вршење услуги брз трансфер на пари | 90.000 денари |
| 16.13 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за вршење услуга брз трансфер на пари, заради нова просторија во која ќе се врши услугата брз трансфер на пари | 50.000 денари |
| 16.14 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за вршење услуга брз трансфер на пари, заради промена на адресата на просторијата во која се врши услугата брз трансфер на пари | 30.000 денари |
| 16.15 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за секоја промена во документацијата, информациите и податоците за добивање дозвола за вршење услуги брз трансфер на пари, освен барањата наведени во точките 16.13 и 16.14 од оваа одлука | 4.000 денари |
| 16.16 | Евидентирање на договорот склучен помеѓу давателот на услугата брз трансфер на пари и субагентот, во Регистарот на даватели на услуга брз трансфер на пари | 10.000 денари |
| 16.17 | Евидентирање измена на договор склучен помеѓу давателот на услуга брз трансфер на пари и субагентот, во Регистарот на даватели на услуги брз трансфер на пари | 5.000 денари |
| 16.18 | Разгледување барање за добивање одобрение за отворање и имање сметка кај странска банка | 3.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 16.19 | Разгледување барање за издавање одобрение за плаќање во ефективни странски пари<br><br>Основица за пресметување на надоместокот од тарифниот број 16.19 е денарската противвредност на износот од барањето пресметана со примена на средните курсеви на девизите од курсната листа на Народната банка коишто важат на денот на поднесувањето на барањето. Надоместокот се наплатува во денари, на денот на поднесувањето на барањето. | 0,2% од вредноста на барањето, но не помалку од 300 денари |
| 16.20 | Давање податоци на физички лица од Регистарот на податоци за изложеноста на кредитен ризик на правните и физичките лица кон банките и штедилниците (Кредитен регистар) | Без надоместок |
| 16.21 | Разгледување барање за упис на евиденциската сметка | 3.000 денари |
| 16.22 | Издавање податоци за состојбата на евидентираните заеми, заради поведување постапка на конверзија на заемите во основна главница пред Централниот регистар на Република Северна Македонија | 1.500 денари |
| 16.23 | Рачно внесување на месечните извештаи за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти, доставени во хартиена наместо во електронска форма, пропишана со упатство | 500 денари за образец |
| 16.24 | Давање стручно мислење за начинот на примена на прописите врз основа на барање од трети лица, кои не се доставувачи на статистички податоци и не се контролирани од Народната банка | 5.000 денари |
| 16.25 | Потврда за остварениот промет, односно учество на овластената деловна банка на домашниот девизен пазар | 5.000 денари, за секој баран податок |

**17. Дозволи и согласности за платежни институции / институции за електронски пари**

| | | |
|---|---|---|
| 17.1 | Разгледување барање за добивање дозвола за давање платежни услуги | 120.000 денари |
| 17.2 | Разгледување барање за добивање дозвола за издавање електронски пари | 200.000 денари |
| 17.3 | Разгледување барање за добивање дозвола за давање платежни услуги со олеснет пристап | 90.000 денари |
| 17.4 | Разгледување барање за добивање дозвола за издавање електронски пари со олеснет пристап | 120.000 денари |
| 17.5 | Разгледување барање за добивање дозвола за вршење платежни услуги од член 8 став 1 точка 8 од Законот за платежни услуги и платни системи (услуги за давање информации за платежни сметки) | 120.000 денари |
| 17.6 | Разгледување барање за дополнување на дозволата за давање платежни услуги, односно за издавање електронски пари | 90.000 денари |
| 17.7 | Разгледување барање за укинување на дозволата за давање платежни услуги и добивање дозвола за издавање електронски пари | 120.000 денари |
| 17.8 | Разгледување барање за добивање дозвола за статусни промени на платежната институција, односно институцијата за електронски пари | 100.000 денари |
| 17.9 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за именување член на орган на управување | 60.000 денари |
| 17.10 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за стекнување или зголемување квалификувано учество во платежната институција, односно институцијата за електронски пари | 90.000 денари |
| 17.11 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за основање подружница во трета држава | 60.000 денари |
| 17.12 | Упис на промена на податоците на платежната институција, односно институцијата за електронски пари во Регистарот на платежни институции, односно Регистарот на институции за електронски пари | 20.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 17.13 | Разгледување барање за упис на агент на платежната институција, односно институцијата за електронски пари во Регистарот на платежни институции, односно Регистарот на институции за електронски пари | 30.000 денари (по агент) |
| 17.14 | Разгледување барање за бришење агент на платежната институција, односно институцијата за електронски пари од Регистарот на платежни институции, односно Регистарот на институции за електронски пари | 10.000 денари (по агент) |
| 17.15 | Упис на промена на податоците на агент на платежната институција, односно институцијата за електронски пари во Регистарот на платежни институции, односно Регистарот на институции за електронски пари | 10.000 денари (по агент) |
| 17.16 | Упис на издавач на платните инструменти / оператор на електронски комуникациски мрежи или давател на електронски комуникациски услуги во Регистарот на платежни институции, врз основа на испратено известување во согласност со член 3 од Законот за платежни услуги и платни системи | 5.000 денари |
| | **18. Дозволи и согласности за операторите на платните системи** | |
| 18.1 | Разгледување барање за добивање дозвола за оператор на платен систем | 400.000 денари |
| 18.2 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за стекнување или зголемување на квалификуваното учество во операторот на платниот систем | 90.000 денари |
| 18.3 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за именување член на управниот одбор, односно извршен член на одборот на директори во операторот на платниот систем | 60.000 денари |
| 18.4 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за измена и/или дополнување на правилата за работење на платниот систем | 90.000 денари |

## IV. ДРУГИ УСЛУГИ

| **Тарифен број** | **Вид услуга** | **Висина на надоместокот** |
|---|---|---|
| | **19. Издавање податоци на барање на правни и физички лица** | |

| | | |
|---|---|---|
| 19.1 | Потврда за курсевите на странските валути од Курсната листа на Народната банка за период до 30 дена | 500 денари |
| 19.2 | Потврда за курсевите на странските валути од Курсната листа на Народната банка за период над 30 дена | 1.000 денари |
| 19.3 | Потврда за курсевите на странските валути од Курсната листа на Народната банка издадена на барање на судови, министерства и други владини органи и институции | без надоместок |
| 19.4 | Издавање копии од известувањата за евидентирана кредитна работа или други документи поднесени за евиденција на кредитните работи со странство, како и други видови статистичко известување за кои се известува во хартиена форма на барање на известувачот или на една од договорните страни<br><br>По исклучок од ставот 1 од овој тарифен број, надоместок не се наплаќа при првото поднесено барање, кога барателот е физичко лице на кое се однесуваат бараните податоци. Секое дополнително барање од физичкото лице се наплаќа. | 200 денари за страница, но не помалку од 500 денари за одделно известување<br>500 денари за одделно известување и 20 денари за страница |
| 19.5 | Издавање копии од известувањата за упис на евиденциската сметка или други доставени документи, на барање на известувачот | 50 денари за страница, но не помалку од 500 денари за барање |
| 19.6 | Издавање копии од документацијата за платежните услуги | 200 денари за страница, но не помалку од 500 денари за барање |
| 19.7 | Изготвување и доставување дополнителни податоци, со содржина и детаљност различни од податоците коишто се достапни јавно, врз основа на барање поднесено до Народната банка | Во зависност од работните часови, од 1.000 до 5.000 денари |
| 19.8 | Издавање потврда за пристигнат прилив врз основа на основачки влог | 5.000 денари |
| 19.9 | Трансфер на основачкиот влог | 0,15%, минимум 250 денари, максимум 30.000 денари |

**20. Други услуги за деловните банки**

20.1 Народната банка ги наплатува сите фактички трошоци што ги имала при купувањето, односно продажбата на готовина во странска валута од странските банки, коишто се остварени заради продажба, односно купување готовина во странска валута на домашните овластени деловни банки.

3. Покрај надоместокот на услугите којшто е предвиден со оваа тарифа, Народната банка ги наплатува сите фактички трошоци што ги имала при извршувањето на работите со трети лица.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

4. Надоместоците утврдени во тарифните броеви 3.1, 3.2 и 3.3 од оваа одлука ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Надоместоците утврдени во тарифните броеви 7.1, 7.2 и 7.3 од оваа одлука, ќе започнат да се применуваат од датумот на оперативното приклучување на Народната банка кон платежната шема за кредитни трансфери СЕПА.

5. Со започнувањето на примена на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за видот и висината на надоместоците за услугите што ги дава Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 1/23, 275/23 и 275/24) со исклучок на тарифните броеви 11.1 и 11.2 кои ќе престанат да важат сметано од 1 август 2025 година.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 октомври 2025 година.

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.

О. бр. 02-24403/5
15 јули 2025 година
Скопје